**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
***Одделение за урбанизам, зжс***
***и комунални дејности***
**Број 11-1160/5 од 30.12.2024 год**

Врз основа на член 50 и член 63 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар (03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) и член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 11/23, 73/24 , 171/24 и 224/24), Градоначалникот на Општина Демир Хисар , по доставен Записник и Предлог-Одлука за одобрување на Проектна програма од страна на Комисијата за урбанизам, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**

Се одобрува Проектна Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8 инфраструктури за пренос на електрична енергија 10 (20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на делови од КО 870/1, КП 870/3, КП 541/6, КП 541/7, КП 542/2, КП 861/3, КП 861/5, КП 722/2, КП 722/3, КП 865 и КП 728 КО Суво Грло и дел од КО 5108 КО Сопотница , Општина Демир Хисар.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Инвеститорот АД ,,ИНЕКС ДРИМ" Струга, со седиште на ,,кеј Борис Кидрич" број 51, Струга, преку овластениот полномошник Трговско друштво за градежништво, промет и услуги ,,ГЕНИКО" ДОО Прилеп Битола, со седиште на ул.,,Андон Слабејко" бр.46 Прилеп, поднесе барање преку информацискиот систем е-урбанизам заведено под број 11-1160/1 од 04.12.2024 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8 инфраструктури за пренос на електрична енергија 10 (20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на делови од КО 870/1, КП 870/3, КП 541/6, КП 541/7, КП 542/2, КП 861/3, КП 861/5, КП 722/2, КП 722/3, КП 865 и КП 728 КО Суво Грло и дел од КО 5108 КО Сопотница , Општина Демир Хисар, изработена од ,,ГЕНИКО" ДОО Прилеп, кој поседува лиценца А за проектирање на градби од прва категорија со број П.264/А, издадена од Министерство за транспорт и врски на 30.05.2020 година , со важност до 30.05.2027 година, и одговорен планер-потписник Гордана Блашкоска со лиценца за изработување на урбанистички планови со број 0.0376 издадена од Комората на овластени архитекти и овластени инженери на неопределено време.

Со барањето ја приложи следната документација:

- **Барање за одобрување** на Проектна програма со број 285/24 од 18.11.2024 година
- **Извод од Општ акт за с.Сопотница** со бр.11-918/2 од 01.10.2024 год.
- **Предлог проектна програма** со техн.број 64/24 од 2024 год.
- **Согласност од Општина Демир Хисар** за користење на претходно издадени услови за планирање бр.Y21411
- **Услови за планирање на просторот** за изработка на УП за с.Сопотница (измена и дополна) издадени од АПП со техн.бр.Y021411 од март 2013 година
- **Решение за услови за планирање на просторот за изработка на УП за с.Сопотница (измена и дополна)** со Арх.бр. 15 2199/2 од 19.03.2013 година издадено од МЖСПП-Сектор за просторно планирање.
- **Одлука** за проширување на програмата за изработка на Урбанистички планови на Општина Демир Хисар со бр.17-771/7 од 27.08.2024 година
- **Полномошно** од инвеститор заверено кај нотар **Сашо Ѓурчиноски** **со бр.УЗП 2125/2024 од 16.07.2024 година.**

Комисијата за урбанизам на Општина Демир Хисар, формирана со Решение бр. 08-1492/1 од 12.12.2022 год., согласно член 38 став 8 од Законот за урбанистичко планирање достави до Градоначалникот **Предлог за одобрување на Проектна програма** за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8 инфраструктури за пренос на електрична енергија 10 (20) КВ Среднонапонски подземен електричен вод на делови од КО 870/1, КП 870/3, КП 541/6, КП 541/7, КП 542/2, КП 861/3, КП 861/5, КП 722/2, КП 722/3, КП 865 и КП 728 КО Суво Грло и дел од КО 5108 КО Сопотница , Општина Демир Хисар.

Врз основа на изнесеното, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: Против ова Решение, незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

*Изработил*: Клара Тодоровска, диа Klara Todorovska Digitally signed by Klara Todorovska Date: 2024.12.30 10:38:06 +01'00'

Општина Демир Хисар
Градоначалник
**Никола Најдовски**

Nikola Najdovski
Digitally signed by Nikola Najdovski
Date: 2024-12-30 13:45:46